**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ**
**ПАВЕЛ ШАТЕВ**

**Македонско здружение на млади правници**

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

**Скопје,**
**10.7.2017 година**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ
ПАВЕЛ ШАТЕВ

Македонско здружение на млади правници

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

**помеѓу:**

**Академија за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“**, со седиште на бул. „Јане Сандански“ бр. 12, во Скопје, претставувана од директорот, г-ѓа Анета АРНАУДОВСКА и

**Македонско здружение на млади правници**, со седиште на ул. Донбас 14 1-6, од Скопје, претставуван од претседателот, г.Зоран ДРАНГОВСКИ.

Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ и Македонското здружение на млади правници (во натамошниот текст „потписници“), потврдувајќи ја заедничката заложба да дадат свој придонес за зајакнување на капацитетите на судството преку развивање меѓусебна соработка на полето на континуирана едукација на судиите и јавните обвинители, се договорија за следното:

**Член 1**

Со овој Меморандум се регулираат правилата на меѓусебната соработка и координација на активности меѓу Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ и Македонското здружение на млади правници.

**Член 2**

Соработката меѓу потписниците на овој Меморандум ќе се остварува во делот на законските надлежности на двете институции, со:

- Академијата и МЗМП ќе соработуваат и заедно ќе учествуваат во подготовка и имплементација на проекти од заеднички интерес.

- МЗМП ќе доставува информации до Академијата за своите активности, публикации и истражувања на темите на кои работи здружението. Листата на области во кои МЗМП работи со детално објаснување за постигнатите резултати е составен дел на овој меморандум и истата по ажурирање ќе биде периодично доставувана до Академијата.

- Академијата ќе доставува информации до МЗМП за своите активности, публикации и истражувања на темите на кои работи.

- МЗМП редовно ќе ги информира своите членови за можностите кои ги нуди Академијата.

- МЗМП ќе обезбеди можности за слушателите на почетните обуки на Академијата кои имаат интерес да се запознаат со работата на МЗМП да престојуваат во една од канцелариите на МЗМП.

- На слушателите на почетните обуки на Академијата МЗМП ќе им овозможи користење на правната литература и публикациите кои се дел од библиотеката на МЗМП.

- Академијата ќе ги промовира капацитетите на МЗМП во областите каде што МЗМП има експертиза помеѓу слушателите на почетните обуки, посетителите на континуирана обука, како и учесниците на останатите обуки кои ги организира Академијата и ќе овозможи претставници од МЗМП да обезбедуваат обуки за истите во рамки на обуки организирани од Академијата

- Соработка во организација и учество на настани за промоција на Академијата и Здружението и презентација на судиската и јавнообвинителската професија пред студенти во завршните години од студиите

- Овозможување на соработка помеѓу потписниците при симулацијата на судски процеси, за реализација на практични обуки за слушателите на почетна обука и кандидатите за судии и јавни обвинители.

- Размена на стручна литература;

- Размена на експерти и материјали кои се клучни за успешна реализација на заеднички настани;

- Реализација на заеднички апликативни проекти;

- Соработка во организирање на конференции, советувања и тркалезни маси;

- Организација на летна школа во заедничка соработка помеѓу потписниците.

**Член 3**

За обуките и другите активности во рамки на меѓусебната соработка, потписниците ќе вршат размена на предавачи, учесници, искуства и знаења. Покрај тоа се предвидува користење на просторните капацитети на потписниците.

**Член 4**

Спроведувањето на овој Меморандум ќе се овозможи со подготвувањето на програмите за работа на потписниците, во кои се определуваат темите и опфатот на соработка и организационите прашања.

**Член 5**

Соработката утврдена со овој Меморандум, потписниците ќе ја остваруваат преку лица овластени за контакт.

Меморандумот ќе биде предмет на постојана заедничка анализа со цел за унапредување на соработката.